

**Твојот глас е важен.**

Реагирај и пријави дискриминација!

# Дали знаете што претставува дискриминацијата?

Дискриминација претставува секое нееднакво постапување кон едно лице или група на луѓе. Дискриминацијата во својата основа има за цел спречување во остварување на правата и слободите на едно лице или група на луѓе во иста или слична ситуација со други.

Дискриминаторското постапување се заснова на одредени лични или групни карактеристики како што се раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, социјално потекло, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, или која било друга дискриминаторска основа.

# Зошто да пријавиш дискриминација?

Со пријавувањето на дискриминацијата и барањето на заштита пред институциите, можеш да добиеш заштита од оние кои ги прекршиле твоите права а дискриминаторите можат да бидат казнети согласно правните прописи на РСМ. Само со редовно посочување на нееднаквиот третман помеѓу луѓето можеме да ја намалиме оваа штетна општествена пракса.

# Дали можеш да побараш заштита доколку сметаш дека си дискриминиран?

Дискриминацијата е забранета со Уставот и Законите на Република Северна Македонија како и со посебен Закон за спречување и заштита од дискриминација.

# Како да препознаете дискриминација?

## Пример 1:

Жена - регистрирана земјоделка од рурална средина нема право на платено породилно отсуство и отсуство поради боледување иако редовно плаќа придонеси од социјално, здравствено, пензиско и инвалидско осигурување.

## Пример 2:

Откако работодавачот дознал дека е бремена не и го продолжил договорот за вработување, иако работничката навремено и одговорно ги извршувала сите работни задачи.

**Забранети се сите облици на дискриминација на работничка поради бременост, раѓање и родителство без разлика на времетраењето на работниот однос.**

## Пример 3:

Лице со попреченост не може да пристапи до одредена државна институција и не може да ги оствари своите загарантирани права бидејќи просторот не е прилагоден и во зградата каде што е сместена институцијата нема пристапна рампа ниту лифт за инвалидски колички.

**Лицата со попреченост мора да имаат непрелчен пристап и движење до и во сите градби за јавни и деловни намени!**

## Пример 4:

ЛГБТИ лице пријавило во полиција дека е жртва на семејно насилство и побарало полициска заштита. Кога пристигнале полициските службеници и кога разбрале дека жртвата е геј маж, не само што не постапиле и не го заведиле случајот, туку започнале да го исмеваат и омаловажуваат.

**Секој има право на заштита во случај на семејно насилство без разлика на пол, род или сексуална ориентација, а полициските службеници се должни да постапуваат професионално, непристрасно и со должно внимание.**

## Пример 5:

На татко на дете при хоспитализација во Детска клиника не му било дозволено да го придружува своето дете во текот на вечерта, бидејќи дозволен бил само женски придружник - мајка, баба, тетка и сл.

**Во одделенијата во кои се хоспитализира дете со придружник тоа право може подеднакво да го користи секој родител или старател без разлика на полот и родот!**

## Пример 6:

На неколку Роми не им бил дозволен влез во кафе-бар, поради нивната расна и етничка припадност, со изговор дека угостителскиот објект е зафатен, иако видно имало повеќе слободни маси.

**Секое лице или група има право на слободен пристап до јавните добра и услуги како што се ресторaните, кафе баровите и сл. без разлика на нивната етничка припадност!**

# Каде да се обратиш за заштита од дискриминација?

- Комисијата за спречување и заштита од дискриминација – КСЗД е специјализирано тело за заштита од дискриминација кое постапува по претставки донесувајќи мислења и препораки. Претставка за дискриминација до Комисијата може да се поднесе на повеќе начини: електронски на нивната веб страница https://kszd.mk/, по пошта и лично во просториите на КСЗД на нивната адреса ул.„Даме Груев“ бр.1, 1000 Скопје.

- Народниот правобранител  штити од дискриминација кога таа е сторена од страна на државни органи и јавни установи и служби. Народниот правобранител дава препораки, предлози, мислења и укажувања во случите каде констатира дискриминација. Претставка за дискриминација до Народниот правобранител може да се поднесе на повеќе начини: електронски на нивната веб страница https://ombudsman.mk/, по пошта и лично во просториите на НП на нивната адреса ул.„Македонија“ бр.19, 1000 Скопје, како и во подрачните канцеларии во:

**Битола**
Улица: „Јане Сандански“ б.б.,
Телефон: 047/242-310

**Кичево**
Булевар „Ослободување“ б.б.,
Телефон: 045/228-586

**Штип**
Улица: „Тошо Арсов“ б.б.,
Телефон: 032/389-701

**Тетово**
Улица: „Илинденска“ бр.85,
Телефон: 044/344-081

**Струмица**
Улица: „Маршал Тито“ б.б.,
Телефон: 034/329-995

**Куманово**
Улица: „11-ти Октомври“ б.б.,
Телефон: 031/431-488

- Судска заштита - Лицето кое смета дека е дискриминирано може да поднесе тужба пред надлежен граѓански суд. Постапката за заштита од дискриминација е итна. Лицата кои ќе поведат судска постапка за заштита од дискриминација се ослободени од плаќање трошоци за судски такси.

# Каде можеш да добиеш правен совет и помош за заштита од дискриминација?

Постојат граѓански организации кои обезбедуваат правни совети и помош за заштита од дискриминација. Мрежата за заштита од дискриминација заедно со своите членки нуди основни информации и совети за заштита од дискриминација, помош при пополнување на потребната документација во поднесување предмети пред КСЗД и НП и застапување во случаи на дискриминација пред домашните и меѓународните судови. Контактирај ја МЗД на следната е-маил адреса: mrezazazastitaoddiskriminacija@gmail.com, тел. +389 2 3214 269, или во овластените здруженија за давање на БПП, членки на МЗД и тоа: Македонско здружение на млади правници (МЗМП) - Скопје ул.„Донбас“ бр. 14/1-6, 02/3220-870 contact@myla.org.mk и Хелсиншки комитет за човекови права - Скопје, ул.„Наум Наумоски Борче“ бр. 83, 02/3119-073, 02/3290-469, 072/278-436 info@mhc.org.mk.

# Дали имаш право на бесплатен адвокат?

Доколку лице кое поради својата финансиска состојба не може да ги оствари со закон загарантираните права, без да го загрози сопственото издржување и издржувањето на членовите на своето семејство, може да го користи системот на Бесплатна правна помош за заштита од дискриминација.

Бесплатна правна помош може да биде дадена како примарна правна помош и секундарна правна помош. Примарна правна помош се дава од страна на подрачните Министерства за правда, овластените здруженија и правните клиники, додека Секундарна правна помош даваат адвокати во постапките пред суд. На лицето на кое му се одобрува секундарна правна помош му се назначува адвокат, се ослободува од плаќање на судски такси и трошоци поврзани со постапката пред суд, се ослободува од трошоци за вештачење и административни такси. Финансиските средства во постапките предвидени со Законот за бесплатна правна помош се обезбедуваат од страна на Министерството за правда.

# Кои услови треба да ги исполнуваш за да можеш да користиш секундарна правна помош?

- Месечниот приход на барателот и членовите на неговото семејство да не го надминува износот на утврдената минимална нето плата и месечниот приход на секој нареден член да не го надминува износот од 20% од утврдената минимална нето плата;
- Барателот и членовите на неговото семејство да имаат во сопственост само еден едностанбен објект или стан во кој живеат;
- Барателот и членовите на неговото семејство да имаат во сопственост една или повеќе физички поврзани катастарски парцели со вкупна површина не поголема од 300 $м^2$ во град Скопје или 500 $м^2$ во општините во Република Северна Македонија, односно една или повеќе катастарски парцели со вкупна површина не поголема од 5000 $м^2$ во рурални средини и
- Барателот на правна помош и членовите на неговото семејство да имаат само едно регистрирано моторно возило чија работна зафатнина на моторот не е поголема од 1 200 кубни сантиметри.

# Каде можеш да поднесеш барање за Бесплатна правна помош?

Обрати се во Подрачните одделенија за Бесплатна правна помош на Министерството за правда или во Овластените здруженија поделени според планските региони во РСМ:

## Југозападен Регион

ПО Кичево, Дебар, Струга и Охрид

**Канцеларија Кичево**
Улица: „Борис Кидрич“ бр. 1, 6250
Телефон: 071/224-652

**Канцеларија Дебар**
Улица: „8ми Септември“ б.б. 1250
Телефон: 071/223-768

**Канцеларија Струга**
Улица: „Пролетерски Бригади“ б.б, 6330
Телефон: 071/223-015

**Канцеларија Охрид**
Улица: „Димитар Влахов“ бр. 57, 6000
Телефон: 071/221-908

## Југоисточен Регион

ПО Струмица и Гевгелија

**Канцеларија Струмица**
Улица: „Сандо Масев“ бр. 1, 2400
Телефон: 071/224-526

**Канцеларија Гевгелија**
Улица: „Маршал Тито“ бр. 170, 1480
Телефон: 071/224-678

**Здружение на граѓани „Избор“ - Струмица**
с. Баниц  бр. 220
Телефон: 075/495-470, 076/453-808, 075/495-473

## Североисточен Регион

ПО Куманово и Крива Паланка

**Канцеларија Куманово**
Улица: „11ти октомври“ б.б. 1300
Телефон: 071/227-962

**Канцеларија Крива Паланка**
Улица: „Св.Јоаким Осоговски“ бр. 17, 1330
Телефон: 071/224-580

**Здружение Национален Ромски Центар, Куманово**
Улица: „Доне Божинов“ бр. 11/5
Телефон: 031/427-558

## Источен Регион

ПО Штип, Кочани и Берово

**Канцеларија Штип**
Улица: „Васил Главинов“ бр. 4, 2000
Телефон: 070/821-089

**Канцеларија Кочани**
Улица: „Раде Кратовче“ бр. 1, 2300
Телефон: 071/221-580

**Канцеларија Берово**
Улица: „Димитар Влахов“ бр. 10, 2330
Телефон: 071/20-324

**Здружение ЕХО Едукативно - хуманитарна организација Штип**
Улица: „Тодор Коларов“ бр. 26
Телефон: 032/384-143, 032/607-143

**Невладина организација „КХАМ“ - Делчево**
Улица: „Маршал Тито“ бр. 69
Телефон: 071/215-356

## Полошки Регион

ПО Тетово и Гостивар

**Канцеларија Тетово**
Улица: „Дервиш Цара“ бр. 68, 1200
Телефон: 070/964-305

**Канцеларија Гостивар**
Улица:  „Браќа Гиноски“ б.б, 1230
Телефон: 072/780-387

**Здружение Женски Форум - Тетово**
Улица: „Никола Тесла“ бр. 6
Телефон: 044/337-440, 044/343-410

## Пелагониски Регион

ПО Прилеп, Ресен и Битола

**Канцеларија Прилеп**
Улица: „Јоаким Стојкоски“ бр. 1, 7500
Телефон: 075/541-832

**Канцеларија Ресен**
Плоштад „Цар Самуил“ б.б. 6310
Телефон: 071/221-246

**Канцеларија Битола**
Булевар: „1ви Мај“ б.б, 7000
Телефон: 071/223-392

**Младински Културен Центар - Битола**
Улица: „Цар Самоил“ бр. 29
Телефон: 047/233-020

**Здружение за одржлив развој СФЕРА Интернашнл - Битола**
Улица: „Влатко Миленкоски“ бр. 22

## Вардарски Регион

ПО Велес и Кавадарци

**Канцеларија Велес**
Улица: „Панко Брашнар„ б.б. 1400
Телефон: 078/243-054

**Канцеларија Кавадарци**
Плоштад „Маршал Тито“ б.б. 1430
Телефон: 075 659 855

**Здружение „Организација за жените на Општина Свети Николе**
Улица: „Ленинова“ бр. 1 -1/4
Телефон: 077/653-637

# Твојот глас е важен. Реагирај и пријави дискриминација!

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Коалиција Маргини и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарска амбасада или организациите што ја спроведуваат.